*ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ*

# ИЗВОРИ ЗА ПОЗНАВАЊЕ НА СТАРАТА ГРАДСКА АРХИТЕКТУРА ВО ОХРИД

Пред полни шест и пол децении отпочна модерното испитување на средновековниот живопис и црквената архитектура во Охрид, а тоа се во исто време и децении на запоставување на старата градска архитектура, било во пишана, научна реч, било во сложените аспекти на конзервацијата.

Меѓу ретките автори што ѝ посветија внимание на оваа проблематика, Борис Чипан, во монографијата, за старата градска архитектура во Охрид[1] со право го истакна фактот на отсуство од пишани извори, како еден од значајните недостатоци за хронолошко определување на овој архитектонски комплекс.[2] И овој пат, свесни за ограничените можности да се дојде до една лапидарна пишана изворна материја за овој проблем, ќе приведеме извесни извори, досега неискористени во историографијата за старата градска архитектура во Охрид, надевајќи се дека ќе спомогнат во идното комплексно согледување на хронологијата од оваа архитектура.

Меѓутоа, се чини дека е потребно, уште пред да се мине на одредените пишани извори за оваа архитектонска и урбанистичка целина, да се истакне некои согледувања направени во последно време, што придонесуваат во континуираното разгледување на овој проблем. Имено, В. Ѓуриќ, во испитувањата на средновековниот иконопис во Охрид го утврди сигурното постоење на постојана градска сликарска работилница во втората половина на XVI век во Охрид[3] Овој факт е дотолку значаен, што постоење на ваква работилница. лоцирана на едно место, што може економски да се одржи со порачките на една поширока градска средина, досега не е констатирано во градовите на Македонија и Србија освен во Солун и, можеби, во Костур.

Една социолошки сложена структура од благородништво висок клер, архиепископски чиновнички клер, монаси со различни чи-

Објавено во зборникот на материјалите од симпозиумот „Старата градска архитектура и урбанизација на градовите", Охрид 17—21 декември 1964.

[1] Б. Чипан, Стара градска архитектура во Охрид во Охрид, Скопје 1955.

[2] Б. Чипан, н. д., 7.

[3] Војислав Ј. Ђурић, Иконе из Југославије, Београд 1961, 31.

нови и занаетчии се јавуваат во изненадувачко мноштво со своите имиња и титули во Охрид, во последните откритија низ монументалното сликарство, на портретите, како и во неодамна публикуваната збирка на ракописи во охридскиот Народен музеј.[4] Покрај констатираната активност на сликарската работилница и скрипториите да го спомeнеме и одамна утврденото постоење на охридската монетарница, исто во втората половина на XVI век.[5]

Овој материјал откриен во последно време, најопсежен меѓу материјалите за кои и да е град во Македонија, како и градовите на српската средновековна држава, го поставува Охрид како еден од ретките сложени и разгранети градски центри, со своја економика, верско-политичка муниципалност и разгранети културни дејности. Одржување на континуитет од сложен градски организам, и покрај немирните војнички пустоши и честото менување на политички господари во токот на XIV век, во контекст на своето време е извонредно значајна појава.

Како евидентна ликовна илустрација за еден заокружен поим за Охрид како град, можат да послужат и портретите на Климент Охридски, кој како патрон на градот ја држи во раката шематската претстава на Охрид, во вид на геометриски споредени кубови, што го чинат градот. Две досега извесни вакви илустрации, една во Мали св. Враќи[6], од втората половина на XIV век и друга, од с. Лескоец. кај Охрид од 1426 година,[7] имаат свои аналогии во илустрирањето на Константин со макета на Цариград, или свети Влахо. Во обата случаи во прашање се градови со континуирана и заокружена урбана физиономија.

Појавите за кои стана збор, немаат директна врска со предметот што го разгледуваме, но како социолошки и културни фактори на диференцирана, заокружена комунална целина, за Охрид како град, во нешто изменета форма, присутни се и во XVII век, од кога ги имаме и првите пишани извори за старата градска архитектура.

Во 1694 година на настојникот од Охридската архиепископија Кузман Китиски[8] наложено му е да направи комплетен список на христијанските семејства во Охрид, според нивната распределеност по енории.[9] Овој список на Козма Китиски приложен во кодексот на архиепископијата е од извонреден интерес како за урбанистичките целини во Охрид од XVII век, така и за неговите жители во овој период. Средувајќи го распоредот на христијскиот дел од Охрид во седум енории кои можеме и денес да ги идентификуваме, Козма Китиски поименично ги набројува 144 охридски опништа во Варош и

---

[4] В. Мошин, Ракописи на Народниот музеј во Охрид, Зборник на трудови, Охрид 1961, 183—243.

[5] Н. Мушов, Охридскитѣ монетарници, Македонски прегледъ, год. II, кн. 1, София 1926, 69.

[6] Р. Љубинковиќ — М. Ќоровиќ — Љубинковиќ, Средновековното сликарство во Охрид, Зборник на трудови, Охрид 1961, 140.

[7] Р. Љубинковић, Црква Светог Вазнесења у селу Лесковецу код Охрида, Старинар, н. с., кн. II, Београд 1953, 197.

[8] За личноста на Козма Китиски сп.: Ив. Снѣгаровъ, История на Охридската архиепископия-патриаршия, том II, София 1932, 222—225.

[9] Ив. Снѣгаровъ, н. д., 529—535.

Месокастро од кои, впрочем, половина се и денес познати. Покрај овие 144 фамилии, кои го чинат комплетното христијанско население во Охрид, кон крајот на XVII век тој споменува само уште неколку огништа, без да ги наведува имињата во Бејбунар и Студенчишта, некогашна источна периферија на градот. Оваа состојба се констатира и во еден подоцнежен препис на кодексот од Охридската архиепископија, денес чуван во охридскиот Народен музеј.[10] Иван Снегаров во Охрид, во крајот на XVII век.[11] Меѓутоа, патеписецот Евлија Челебија[12] кого Снегаров не го консултирал, само ги потврдува податоците од Козма Китиски. Боравејќи во Охрид 15 години пред доаѓањето на Козма, Евлија Челебија, според податоците добиени од судскиот протокол на градот, го забележил постоењето на 160 христијански и 400 турски куќи. Кога ќе се додадат кон 144-те куќи од списокот на Козма и куќите кај Бејбунар и Студенчишта, ние го добиваме приближниот број што го споменува Евлија Челебија. Според тоа, изворите од кодексот на архиепископијата и турскиот судски протокол заеднички го потврдуваат фактот дека Охрид во втората половина на XVII век имал околу 155 до 166 христијански огништа.

Енорискиот, квартален распоред на Охрид според податоците на Козма Китиски е скоро адекватен на денешниот распоред од стариот дел на градот. Според нив, лоцирањето на седумте енорски целини е следното:

Првата енорија со 26 куќи се протега меѓу катедралата с. Климент, Горна Порта, делот околу срушената црква с. Никола, на горниот пат кон Самоиловите тврдини, се спушта надолу кон денешниот параклис с. Богородица Пантанас, како и куќите под параклисот с. Димитрија.

Втората енорија, со 19 куќи, не е именувана, но според црквите што се споменуваат во неа, можеме да ја идентификуваме. Таа отпочнува од падините на Самоиловите тврдини и, меѓу Имарет и Голем. с. Враќи, се спушта се до главната комуникација Папарница (денес Илинденската уилца). Во неа се спомнува и параклисот с. Варвара, секако во нејзиниот завршен дел. Изненадува разреденоста на куќите, т.е. слабата населеност на овој широк просторен појас.

Третата енорија, наречена Геракомија, кон старечкиот дом на црквата с. Никола со 19 куќи, го опфаќа просторот меѓу Долни Сарај, с. Софија и обете страни на денешната Самоилова улица до Сарајиште.

Четвртата енорија, наречена Болница, со двете болнички цркви, се протега до Долна Порта и делот околу параклисот Мал с. Климент. Има 23 куќи.

Петта енорија е Челница, според истоимената црква, со 22 куќи. Целиот простор од с. Константин и Елена, Челница, до горната црква с. Никола, скоро од кулите на Долна Порта го опфаќа оваа енорија.

---

[10] Ракопис на Народниот музеј во Охрид, 10—16.

[11] Ив. Снѣгаровъ, градъ Охридъ, Македонски прегледъ, год. IV, кн. I София 1928, 111.

[12] Е. Челебија, Разгледи, Октомври 1963, Скопје 1963, 198.

На крај како шеста енорија во Варош се преставува рибарскиот дел Канео, со 11 куќи.

Вон од градските ѕидини е седмата енорија, Месокастро или според црквата наречена Каменско, со 24 куќи.

Од овие податоци на Козма Китиски веднаш се извлекуваат неколку непобитни заклучоци:

1. Распоредот на населбите на Охрид во XVII век е адекватен на распоредот од денешниот стар дел на градот.

2. Еден значителен дел на градот, Горна и Долна Влашка маала во XVII век не постои, затоа што се формирани во втората половина на XVIII век, после плачкосувањата на Маскополе од Али паша Јанински.

3. Легендата дека населбата Месокастро е формирана дури во XIX век од населени селани е неточна. Во евиденцијата на Козма, оваа енорија со 24 куќи е една од најголемите во Охрид, уште во XVII век. Црквата Каменско, покрај Месокастро, веројатно ги одржала и неколкуте куќи во Кошишта, чии растеж со доселеници ќе отпочне подоцна.

Од истиот извор може да се утврди, и ако не потполно, социолошката структура во градот. Ставајќи ги често занаетите како презимиња на фамилиите, станува очигледен податокот дека скоро целиот реон Месокастро се состои од занаетчии.

Меѓутоа, Козма го демантира поранешното уверување дека во околината на архископската црква, втората катедрала с. Климент бил настанет архиепископскиот клер.[13] Овој виши архиепископски чиновнички клер, составен од мирјани и клирици, што заземале дваесетина места во архиепископската канцеларија[14], населен е главно во енориите Болница и Геракомија, т.е. во делот на денешната Самоилова улица.

За среќа, во кодексот на Ахридската архиепископија сочуван е список на сите чиновнички места во канцеларијата, како и имињата на личностите што ги заземале тие места во 1690 година.[15] Правејќи споредба со списокот на енориските куќи, составен од Козма, 4 години подоцна, утврдивме дека повеќето високи архиепископски чиновници навистина живееле во енориите Геракомија и Болница, за која во преписот од кодексот што го поседува Народниот музеј во Охрид, се вели дека таа „ги превишува сите други (енории — м.з.), таа е врв и чорбаџиска“.[16]

Се чини дека белешките на Евлија Челебија за архитектурата во Варош се извонредно значајни, затоа што низ нив уште во 1670 година, иако сумарно се нагласени извесни елементи што денес се сметаат својствени за старата градска архитектура во Охрид. Евлија Челебија бележи: „Во овој голем град има вкупно 160 каурски куќи со убав изглед, мајсторски соградени и со керамиди покриени. И сите

---

[13] Б. Чипан Н. д. 16.

[14] Gelzer, Der Patriarchat von Achrida, Leipzig 1902, 112—113.

[15] H. Gelzer, n. d. 112—113.

[16] Ракопис на Народниот музеј во Охрид, 12.

тие куќи се богати, убаво изградени со прозорци свртени кон југ, кон езерото. И сите тие куќи на кривоверните се качуваат една над друга".[17]

Независно дали ќе сметаме дека најстарите сочувани градски куќи во Охрид не се постари од втората половина на XVIII век, овие белешки на Челебија не убедуваат дека Охрид го поседува типот на градска куќа уште во средината на XVII век.

За познавање на општествените згради во турскиот период лоцирани во Варош, значајна е и оваа белешка на Челебија: „долу, покрај езерото е сарајот на пашата, еден елегантен сарај. Тоа е голем дворец, со преку 300 одделенија, и надворешни и внатрешни, со амами, со пространи аули и сали, со разновидни ќелии. Сите згради на овој конак од ред се покриени со керамиди. Во градот поотмен голем сарај од овој нема. Но бидејќи е тоа јавна установа почнала да се урнува и расипува".[18] Овие редови се однесуваат на срушените згради од сегашниот простор наречен Долни сарај.[19] Споменувајќи го подигањето на големиот ѕид што кружи околу заравнетото плато околу црквата с. Климент, што ја потенцира оваа значајна доминанта на Охрид, ќе се задржиме врз ѕидањето на архиепископската палата, подигната во двориштето на катедралата. Во време на јакнењето на материјалната моќ на градот и Архиепископијата, која ги потенцира своите автохтони тенденции, архиепископ Јоасаф (1719—1746) пристапува кон подигање на оваа извонредно значајна градба. Во изворите[19] москополецот, архиепископ Јоасаф се споменува како нејзин единствен ктитор, и ако постои мислење дека се во Охрид збирани прилози за подигање на палатата[20]. Може да се верува дека овој, инаку богат архиепископ, мецена и културен деец, со врски во европски културни центри можат да подигнат една монументална зграда. Архиепископската палата, чии опис не е сочуван, секако служела за сместување на архиепископската канцеларија, а имала и простории за конакување на архиепископските гости, што се споменува и во изворите.[21] За жал, нејзиниот век не бил долг: подигната во 1730 или 1735 година, таа е уништена до темели од пожар во јули 1862 година. Според преписот на кодексот од Бодлев, публикуван кај Х. Гелцер, пожарот станал на 17 јули 1862 година.[22]

Во софискиот препис[23] на кодексот од Охридската архиепископија за пожарот на палатата напишани се следните редови: „Горната значајна патријаршија, великолепна градба на Блаженејшиот присно-паметен г.г. Јоасаф од Москополе, на 19 јули 1862 година, во петок навечер, ох! ох! ох!, изгоре, се претвори во пепел, не остана камен на камен, во време на архиерејството од преспански (митрополит) Мелетија. Милостив нека биде Господ! Зошто изгоре; — заради неразум-

---

17 Е. Челебија, н. д., 198.

18 Е. Челебија, н. д., 198.

19 H. Gelzer, n. d. 104.

20 Ив. Снѣгаровъ, Исто. на арх., том II, 294.

21 Ив. Снѣгаровъ, н. д., 302.

22 H. Gelzer, n. d., 104.

23 Ив. Снѣгаровъ, н. д., 544.

носта, бесчувственоста, рамнодушноста на изнајмениот, а не вистинскиот пастир и покровител.

Забелешка. Се подигна 1730 или 1735 година. Траеше 132 или 127 година, бележи за непрестано споменување на потомците. Радос беше за св. преспански г. Мелетија: ниту се натажи, ниту срцето го заболе!."

Во подтекстот на оваа белешка се провлекува мисла дека кривецот за овој пожар е познатиот фанариотски митрополит Мелетија, омразнат во Охрид. Меѓутоа, според интерните белешки на познатото охридско семејство Робевци, вметната во еден парцијален препис на кодексот од архиепископијата, извршен од Александар Робе,[24] соопштена е вистината за пожарот на оваа „прекрасна зграда", како што ја вика препишувачот. Фамилијарната белешка оставена од Константин Робе, а во препис на син му Александар е следната: „причинители на пожарот беа Димитар Манче, Димитар Грдан, Коста Папа Стефанија и еден внук на Митрополит Мелетија, кој што се наоѓаа во Митрополијата (т.е. архиепископската палата — м.б.) и пушејќи ги фрлиле цигарите по сламените миндери и ја затвориле Митрополијата, за да излезат на прошетка; нивните полуизгаснати цигари го предизвикаа огнот и на тој начин старата Митрополија стана плачка на огнот".

Енигматичниот крај на епископската палата за хроничарите на Охрид, со овие, досега непознати белешки, станува јасен. Се разбира дека за историчарите на архитектурата, со снемувањето на оваа датирана градба е загубен еден значителен објект од градската архитектура на Охрид. Уште повеќе, кога е извесно дека нејзиниот ктитор, архиепископот Јоасаф доаѓа од Москополе, еден од најголемите и најкултурните центри во Балканот, а негувал политички и просветни врски со Западна Европа. Настаната во време на економскиот процвет во Охрид, кога се појавува потреба за спречување на луксузот со посебни наредби, таа градба, споменувана како „прекрасно здание", сигурно можела да влијае и во негувањето на вкусот меѓу немирите и инвеститорите во XVII и XIX век во Охрид.

За опасноста од пожари, секогаш присутна, особено во долниот дел на Варошот, оставил белешка и Бранислав Нушиќ, во својата патеписна монографија за Охрид од 1892 година. Нушиќ одбележува: „Охрид, а особено Варош е многу опасен кога пожар ќе наиде. Пред 30 години изгореле многу куќи па и самата Митрополија (архиепископската палата — м.б.) кај црквата св. Климент; 1881 година исто така изгореле околу 15 најдобри охридски куќи, а 1882 година изгореле 30 дуќани, една турска школа и 16 големи куќи."[25]

Не е на одмет овде да го приведеме еден непознат извор за формирањето на св. Наумскиот комплекс на конаци, дотолку повеќе што неговото конзервирање и средување во последниве години сè повеќе се наметнува. Овој извор, белешките на Александар Робе ги приведуваме буквално, вршејќи само јазични изедначувања:

---

[24] Ракопис на Народниот музеј во Охрид, 20.

[25] Б.Нушиќ, Разгледи, Октомври 1963, Скопје 1963, 209.

„1810 година се соградија шталите (ахјарите) и горните одаи на Корчаните (т.е. Корчанскиот конак — м.б.).

1812 метохот и дуќанот во Корча

1813 се соградија двокатните чардаци на Охриѓани и фурната

1815 се соогради чардакот од Ланга

1815 се согради долу, близу до постарото лозје подрумот, каде што и денес се гледаат бочките долу и горе — сочуваните згради. Истовремено, кога се согради фурната, 1813 се соградија и ресенските одаи, исто и близу до фурната одаите на влашките првенци, со други зборови, на чобанбашиите Ливадиоти, Самаринци.

1818 се ископа близу до црквата бунар, со помош на еден албанец, муслиманин, бег (името и презимето не му се познати).

1819 се подигнаа чардаците на москополците и кујната, како и зградите што се наоѓаат во нивна близина.

1827 се согради големата одаа на Хаџи Симо, и кафеанчето близу, што се гледа од следниот натпис:

Оваа одаа се согради со помош и трошоци на кир Хаџи Симо (Симеон), родум од село Маловишта, жител на Битола, за вечен спомен, во време на игуменот Хаџи господин Дионисија.

1828 се обнови мостот на Охридското езеро, од Димитрија Булмаши, од с. Кутеш во Колонија — Епир, со чудесното надзорство на игуменот преподобнејши Хаџи Дионисија од Теодосиопол, при архиерејството на Преосвештенејшиот митрополит Калиник, од Галиполи.

Во тоа време кнезуваше Славнејши Џеладин бег, син на Гази Ахмед паша.

Во 1871, месец октомври 16, утрината на понеделник стана првиот пожар што ги претвори во пепел одаите што се наоѓаа на исток, чардаците, убавата одаја, а особено високиот киоск, наречен по турски, што се наоѓаше над езерската висија, наречен уште — убава одаја или „одаја на Џеладин бег".

Вториот пожар стана 1874 година, во февруари „околу полноќ и ги претвори во пепел скоро сите згради, со исклучок, како по некое чудо, останаа чардаците охридски и москополски, како што се гледа."[26]

Белешката на Александар Робе, направена врз митрополискиот кодекс и документацијата во манастирот св. Наум, пишувана е 1906 година и ја одбележува состојбата на конаците во св. Наум до таа година. Извонредната активност на игуменот Хаџи Дијанисија кој го формирал овој комплекс на конаци, еден од најголемите во Македонија, се совпаѓа со градежничката активност на Џеладин бег, кој владее во Охрид, Струга и Ресен, кон крајот на XVIII и првите децении на XIX век.

Џеладинбеговата градежничка активност е многу опсежна, но и доволно позната. Ѕидањето на сарајот во Уч-кале (Горни сарај), Јени сарај, раконструкциите на Долни сарај, ѕидањето на сараите во

---

[26] Ракопис на Народниот музеј во Охрид, 6—8.

Струга, крај Црни Дрим и во Ресен со поопширни или пократки белешки, спомнати се од современи извори и разгледани во публикациите за Целадинбеговото време. Во нивното градење е ангажирано целокупното население во Охрид, но, бидејќи тие не се сочувани, а податоците за нив се познати во литературата, тие нема да бидат разгледувани на ова место. Инаку, не се сомневаме дека нивната конструкција и распоред ги поседува особините на побогата турска куќа од тој период.

Меѓутоа, некои податоци од ѕидањето на Долни сарај се чинат посебно значајни. Летописецот Никола Поп Стефанија, кој што ангажиран како кирек — емини, т.е. раководител на варцилницата, пишува: „До Лештаровци зафатија да ги прават сараите и шадрованот. Тоа место порано беше само камен, но бегот кладе мајстори Власи, та со лагуми го искршија каменот и отворија место. Тој поарчи 40 кесиња аспри, а целиот вилает стана да крева камен, па и Турците и сите еснафи."[27]

При ѕидањето на сараите во Уќ-кале (северниот дел од Самоиловите тврдини) по наредба на Целадин бег, повикани се мајстори — декоратери од Река. Пред да бидат прифатени, ним им е отстапена, за пробна работа, една соба која требало да биди украсена со цвеќиња.[28] Според други извори, во декорирањето на сараите учествувал и охридскиот митрополит Калиник. Денес не може со сигурност да се утврди колкаво било учеството на мијачките зографи во уметничкото украсување на Целадинбеговите сараи, но веруваме дека културниот Калиник, покрај тоа што и сам бил декоратер, можел да им сугерира декоративни елементи на мијачките мајстори.

За нас досега единственото профано дело на Мијаците во Охрид е декорираната ниша за цвеќиња во куќата на Робевци направена од Дичо зограф од Тресонче, во 1862 година. Појавата на мијачките мајстори во својство на декоратери уште во 1808 година за нас е изненадувачка. Проучувањата на делата од овие зографи покажаа дека нивната активност отпочнува од третата деценија за да расте до 9 деценија на XIX век. Меѓутоа, нивната присутност во Целадинбеговите градежнички акции, во 1808 година се чини дека ја ревидираат хронологијата на Дебарска уметничка школа.

За шарванот во Уќ-кале познато е дека се наоѓал во средината на сарајот, под висока купола и дека на аглите биле поставени 4 лавови низ чии усти течела вода.[29]

Од изворите за Целадинбеговото време станува јасно дека на неговите сараи, порај не-имарите, работеле декоратери — живописци, а подоцна се спомнува и пополнувањето на сараите со текстил. За мајсторите — лагумџии, изричито се спомнува дека биле Власи,[30] за декоратерите, дека биле мијаци од Река,[31] за скулпторите нема ни-

[27] Н. Поп-Стефанов, Охридски летописни белешка, Разгледи, октомври 1963, Скопје 1963, 218.

[28] Н. Поп-Стефанов, н. д., 218.

[29] Ив. Снѣгаровъ, градъ Охридъ, Макед. пр., год. IV, кн. 1, 124.

[30] Н. Поп-Стефанов, н. д., 218.

[31] Н. Поп-Стефанов, н. д., 217.

какви вести, снабдувањето на текстилните набавки се вршело преку Власите и Варошаните.[32]

Ми се чини дека ангажирањата што ги вршел Целадин бег, а чија канцаларија ја воделе образованите Охриѓани, можеле да бидат вообичаени и при градење и декорирање на куќите од Охридските првенци, лоцирани во денешната Самоилова улица.

Од тоа време го поседуваме и првиот извор за едно, секако лаичко проектирање во Охрид, сврзано за подигања на првата зграда наменета за училиште.

Во децениите на извонреден стопански просперитет на Охрид, со 150 кожуварски работилници,[33] со повеќе од десетина илјади жители и трговски контакти со медитеранските и средноевропските центри, кон средината на XIX век отпочнува формирањето на училишен центар во дворот на катедралата св. Климент. За подигањето на првото взаимно училиште, кое наскоро прераснува во прогимназијално, во белешките на Александар Робе се наоѓа средната вест:

„1840. Август 20. Со внос од 13 илјади гроша, се подигна во пространството од дворот на митрополијата грчка основно училиште од трудољубите браќа Господа Ангеле и Анастас Стефанов Робе, а тоа дело се наоѓа запишано во кодексот на Грчкото училиште (кој кодекс исчезна од нечисти раце на некои граѓани наукомрасци) и потврдено е со потпис на потоа дојдениот на архијерејски престол митрополит, г.г. Јосиф од родот Властон."[34]

Подигањето на првото училиште, за кое овде станува збор, е потполно дело на познатата фамилија Робевци, која во текот на целиот XIX век ги поттикнува, материјално помага сите манифестации во градот. Со ова училиште заменети се некогашните манастирски келии, од средновековен тип, кај црквата св. Климент, спомснати во „Автобиографијата" на Григор Прличев. Диспозицијата на просториите е изведена од д-р Константин Робе, кој според автобиографските белешки од Кузман Шапкарев, го направил планот на училишната зграда.[35] Само неколку години подоцна, меѓу 1845 и 1850 година, во време на митрополит Диониси подигната е и прогимназијата, како пандан на катедралата св. Климент.[36]

Во дворот на св. Климент се формира охридскиот училиштен центар, кој останува сѐ до Балканските војни. Егзархискиот митрополит Натанаил, после доаѓањето во Охрид 1874 година, во спогодба со некои градски првенци, влага напори на местото од изгорената патријаршиска палата да се подигне нова митрополиска административна зграда, која би ја симболизирала моќта на укинатата архиепископија, но охридскиот кајмакамин го одбил нивното барање.[37]

Извонредно активното делување на Охридската црквено-училишна општина доведува до подигање нови згради или адаптирање на стари наменети за училишта во сите градски реони. Меѓутоа, насто-

---

32 Н. Поп-Стефанов, н. д., 223.

33) D. Totschkoff, Studien über Rauchwarenhandel und Küuschnerei insbesondere Ochrida, Heidelberg 1900, 67.

34 Ракопис на Народниот музеј во Охрид, 8.

35 Ив. Снѣгаровъ, градъ Охридъ, Макед. пр., год. IV, кн. 3, 65.

36 Ив. Снѣгаровъ, градъ Охридъ, Макед. пр., год. IV, кн. 2, 81.

37 Ив. Сньгаров, градь Охридъ, Макед. пр., год. IV, кн. 2, 81.

јувањето Егзархиската мрежа претенциозно да доминира со своја училишна зграда, доведе до познатата акција во 1897,[38] за подигање гимназија и денес присутна во дворот на црквата св. Климент.

Со тоа е направена и првата повреда на еден хомоген архитектонски комплекс, секако најцеловит и со единственоста и со духовитото разнообразие во создавањето на анонимните неимари. За жал, оваа прва акција на невкус стои само на почетокот од едно полувековно нерегулирано, самоволно и безразборно уништување на една архитектонска целина, формирана во тек на повеќе од 300 години.

*CVETAN GROZDANOV*

## RELATIONS ECRITES SUR LA VIEILLE ARCHITECTURE URBAINE DE LA VILLE D'OHRID

### RÉSUMÉ

Dans cet article l'auteur a ressemblé les relations écrites concernant la vieille architecture de la ville d'Ohrid du XVII, XVIII et du XIX siècle. Sur la base des données écrites on peur reconstituer la structure urbaine de la ville d'Ohrid de ces temps lá. On peut établir une chronologie de la construction des maisons et des écoles les plus représentatives et les plus importantes qui va jusqu' á la fin du XIX siècle -période pendant laquelle l'architecture européenne commence à faire sa poussée dans la ville. Ces données qui, entre autre, contiennent des relations écrites sur la construction des konaks du monastère de l'église St. Naum, sont d'une importance primordiale, surtout quand on sait que la ville d'Ohrid est la ville de l'architecture représentative des Balkans du XVII, XVIII et du XIX siècle.

---

38 Ив. Снѣгаровъ, градъ Охридъ, Макед. пр., год. IV, кн. 3, 80.